**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 декември 2025 година**

**Скопје, декември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 декември 2025 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Елена Кузмановска – Бијондиќ, државен секретар во Министерство за образование и наука и Андреа Ѓошевска од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Сто триесет и првата седница на Владата, одржана на 25 ноември 2025 година

-Усвојување на Записникот од Сто триесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 декември 2025 година

-Усвојување на Записникот од Сто триесет и шестата седница на Владата, одржана на 11 декември 2025 година

1. Информација за давање овластување за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор

2. Информација со Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Предлог - решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој

3. Информација на АД „Медиумска информативна агенција" – Скопје, во државна сопственост за склучување на Договор за уредување на односите помеѓу Друштвото и претседателот на Управен одбор и генерален директор, со текст на Договор

4. Известување презкмените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 ноември 2025 година до 3 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи

5. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 ноември 2025 година до 3 декември 2025 година

6. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-403/1)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.208/25)

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1077/1)

9. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-423/1)

10. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (водоводна инфраструктура за техничка вода– цевковод, со вкупна должина од 18626.91 м)

11. Предлог - за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението на пиротехничари – деминери „Стоп нееksплодирани мини" – Струмица

12. Информација за склучени договори за концесија за користење на вода производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови и други заштитени подрачја на територија на цела држава

13. Информација со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со прилози

14. Предлог на закон за ратификација на Дополнителниот протокол 7 за решавање спорови на Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија

15. Информација за статусот на имотот-објект со дворно место на поранешната Амбасада на СФРЈ во Брисел на адреса: Avenue Emile de Mot 11, 1050 Bruxelles, кој им припадна на Република Северна Македонија и Република Хрватска во заедничка сопственост во процесот на сукцесијата на имотот на поранешна СФРЈ, со предлози за натамошно негово решавање

16. Предлог - одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија, за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка повеќекратна влезна британска, американска или канадска виза

17. Информација за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување

19. Информација за одземање на одобрение за основање Приватната установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица ,,Арија” – Скопје, со Предлог-одлука

20. Информација за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица ,,АКТИВ” – Скопје, со Предлог-одлука

21. Информација за потпишување договор помеѓу Европската Унија, од едната страна и Република Северна Македонија, од другата страна, за асоцијација на Република Северна Македонија во Програмата EU4Health, со текст на Договор

22. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Кочо Рацин - Битола

23. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа

24. Иницијатива од Филип Силјановски, Билјана Треневска и Цветанка Соколова Младеновска, сите од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.147/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 71 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.144/25)

25. Годишен извештај за 2024 година на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал-Биро за јавна безбедност

26. Известување за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај-Управа за водење матичните книги

27. Кадровски прашања

28. Прашања и предлози

-Предлог заклучок за Министерството за јавна администрација, согласно усна расправа

- Табели со податоци за секој проект поединечно од Потпрограмата АА со теренски пресек 30.11.2025 година, проекти финансирани од Јавниот повик во 2024 година и Јавниот повик од 2025 година (Министерство за локална самоуправа)

- Барање за повлекување на Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност (МФ), кој е во собраниска процедура

-Барање за повлекување на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците (МП)

29. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (водоводна инфраструктура за техничка вода – цевковод, со вкупна должина од 8266.49 м)

30. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк" на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје

31. Предлог- за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*)

32. Информација за утврдување на нов субјект на управување во Предлогот на закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата

33. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година

34. Информација за потребата од реконструкција на постојаните објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството

35. Информација за статусот на реализација на Проектот за поврзување на локални патишта (Договор за заем бр. 9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр. 9210-МК финансиран од Светска банка) и потребата од пренамена на алоцираните средства кои општините нема да ги искористат согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 33/20 од 10 февруари 2020 година)

36. Предлог- одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

37. Предлог – програма за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2025 година

38. Информација за доделување на државна помош на Ронтис ДООЕЛ Велес, со текст на Договор

39. Предлог -одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и трета одлука)

40. Предлог -одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и прва одлука).

41. Информација за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, заклучно со септември 2025 година

42. Извештај за извршени преговори за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со усогласен текст на Договор

43. Информација за формирање на Надзорен одбор кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за периодот ноември 2025 година - ноември 2028 година

44. Информација во врска со одржување на Дваесет и третиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 18 декември 2025 година, во Виена, Австрија

45. Предлог – одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2025 година

46. Информација за пристап до Фондот за одговор на загуби и штети (Fund for Responding to Loss and Damage – FRLD) и назначување на национална контакт - точка (National Focal Point)

47. Предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (за штети во периодот од 17 јуни 2025 година - 7 август 2025 година)

48. Предлог- одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (за штети во период од 7.8.2025 година до 11.11.2025 година)

49. Предлог- за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (за штети во период од 22 април 2025 година до 16 јуни 2025 година).

50. Предлог -одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за социјална политика, демографија и млади)

51. Предлог -одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за транспорт).

52. Информација за окрупнување на здравствени капацитети за поголема ефикасност и подобра услуга – спојување на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје

53. Извештај за завршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Фондацијата Аушвиц – Биркенау, со усогласен текст на Договор

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто триесет и првата седница на Владата, одржана на 25 ноември 2025 година и Записникот од Сто триесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 декември 2025 година и Записникот од Сто триесет и шестата седница на Владата, одржана на 11 декември 2025 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање овластување за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор во делот за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата со кој се врши зголемување на платите на вработените во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, со Анекс за изменување и дополнување на поединечниот колективен договор, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство, во соработка со Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да достават конкретен план во врска со побарувањата од јавните здравствени установи универзитетски клиники, како и сервисирање на обврските на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, кон добавувачите.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Предлог - решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој, ја усвои Информацијата и ги донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој (усогласени со Секретаријатот за законодавство).

*      *      *

Владата на Република Северна Македонија на Сто триесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 декември 2025 година, ја разгледа Информацијата со Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Предлог - решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој, ја усвои Информацијата и ги донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Национален совет за развој и Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој (усогласени со Секретаријатот за законодавство).

По донесување на истите се утврди потреба во Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Националниот совет за развој, соодветно на промените во институциите да се изменат и членовите/претставниците во следните потточки:

21) наместо Анета Антова Пешева, претседателка на Собранието на МАСИТ, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии, да стои Јордан Димитровски, претседател на МАСИТ, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии,
23) наместо Трајан Ангеловски, претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија, да стои Горан Ѓорѓиевски, претседател на Сојуз на стопански комори на Македонија,
36) наместо проф. д-р Изет Зеќири, ректор на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, да стои проф. д-р Беким Фетаји, ректор на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и
41) наместо Филип Ивковски, претседател на Национален младински совет, да стои Ивона Кузмановска, претседател на Национален младински совет.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата на АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, во државна сопственост за склучување на Договор за уредување на односите помеѓу Друштвото и претседателот на Управен одбор и генерален директор, со текст на Договор, ја усвои Информацијата и го одобри Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и претседателот на Управен одбор и генерален директор.

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 27 ноември 2025 година до 3 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 27 ноември 2025 година до 3 декември 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (бр.03-403/1).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.208/25).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-1077/1).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (03-423/1).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (водоводна инфраструктура за техничка вода– цевковод, со вкупна должина од 18626.91 м).

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението на пиротехничари – деминери „Стоп неексплодирани мини" – Струмица.

**Точка 12**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за склучени договори за концесија за користење на вода производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрични централи лоцирани во национални паркови и други заштитени подрачја на територија на цела држава, за наредната седница на Владата.

**Точка 13**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за спогодбено раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 5, МХЕЦ Жировница со реф.бр. 6 и на Договорот за концесија за користење на вода од мали хидроелектрични централи МХЕЦ Железна 15 и МХЕЦ Железна 17, со прилози, за наредната седница на Владата.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Дополнителниот протокол 7 за решавање спорови на Договорот за изменување и пристапување кон Централноевропскиот договор за слободна трговија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереници Крум Ефремов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Билјана Додевска, специјален советник во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на имотот-објект со дворно место на поранешната Амбасада на СФРЈ во Брисел на адреса: Avenue Emile de Mot 11, 1050 Bruxelles, кој им припадна на Република Северна Македонија и Република Хрватска во заедничка сопственост во процесот на сукцесијата на имотот на поранешна СФРЈ, со предлози за натамошно негово решавање и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да формира Комисија за продажба на недвижна ствар, која заедно со хомологната Комисија на Република Хрватска, врз основа на заеднички договорена процедура и во согласност со локалното законодавство во Белгија, ќе ја спроведат постапката за заедничката продажба на објектот во Брисел, најдоцна до 31 мај 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, доколку комисиите на двете држави утврдат потреба од базична санација на објектот пред продажбата (варосување, помали градежни и инсталациони поправки во објектот и сл.), со цел постигнување на повисока цена при продажбата, да ги спроведе неопходните активности во насока на реализацијата на санацијата.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, да ја информира Владата за исходот од спроведените активности околу заедничката продажба на објектот во Брисел, најдоцна до 30 јуни 2026 година.

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија, за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји кои поседуваат важечка повеќекратна влезна британска, американска или канадска виза.

**Точка 17**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за статусот на подготовка на законското решение за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на претставници од Министерството за европски прашања и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници м-р Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Јехона Рамадани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање Приватната установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица ,,Арија" – Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица ,,Арија" – Скопје.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица ,,АКТИВ" – Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одземање на одобрение за основање на Приватната установа за социјална заштита на стари лица ,,АКТИВ" – Скопје.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување договор помеѓу Европската Унија, од едната страна и Република Северна Македонија, од другата страна, за асоцијација на Република Северна Македонија во Програмата EU4Health, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот помеѓу Европската унија, од едната страна и Република Северна Македонија, од другата страна, за асоцијација на Република Северна Македонија во Програмата EU4Health, што предлагачот ќе го усогласи со Министерството за финансии.

2. Се определува д-р Азир Алиу, министер за здравство, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Европската Унија, од едната страна и Република Северна Македонија, од другата страна, за асоцијација на Република Северна Македонија во Програмата EU4Health.

3. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна до 31.3.2026 година, да ангажира консултантски тим кој ќе го поддржува процесот на апсорпција и имплементација на Програмата EU4Health 2021–2027.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Кочо Рацин - Битола.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Иницијативата од Филип Силјановски, Билјана Треневска и Цветанка Соколова Младеновска, сите од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.147/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 71 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.144/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителите на Иницијативата ја оспоруваат уставноста на ставот (1) од член 71 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.144/25), по однос на правото на плата на административниот службеник, поради што бараат од Уставниот суд да поведе постапка и да ја укине оспорената законска одредба.

Се смета дека Иницијативата е неоснована и се предлага Уставниот суд да не поведе постапка, односно да ја отфрли Иницијативата како неоснована, бидејќи оспорената одредба е во целосна согласност со Уставот на Република Северна Македонија, односно се обезбедува практична примена на член 9 (начело на еднаквост) и член 32 (право на соодветна заработувачка под еднакви услови) од Уставот кои во досегашната пракса беа нарушувани, како и е целосно во согласност со меѓународните обврски на државата.

Оспорен е член 71 став (1) од Законот за административни службеници (во натамошниот текст: Законот), кој гласи:
„Административниот службеник има право на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон.“

Подносителите од оваа норма извлекуваат заклучок дека се „исклучуваат“ колективните договори како извор за уредување на правото на плата, и дека тоа е спротивно на член 32 став (5) од Уставот, како и на начелото на еднаквост од член 9 и други уставни одредби.

Меѓутоа, член 71 мора да се чита системски, заедно со став (2) од истиот член и со останатите одредби на Законот. Во член 71 став (2) експлицитно стои:

„Административниот службеник има право и на надоместоци и додатоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со колективен договор не е поинаку уредено, при што потребна е согласност од надлежниот орган за буџетот/Советот на општината.“

Самиот Законот не го исклучува колективното договарање, туку го поставува во уставно, системски и фискално одржлива рамка. Основната структура на платата – односно условите, критериумите, класификацијата на работните места и основните елементи на надоместокот за работа – се утврдуваат со закон, како неопходен јавноправен стандард за еднаков третман на сите административни службеници. Истовремено, Законот овозможува додатоците и дел од надоместоците на плата да бидат уредувани и преку колективни договори, но во рамки на Законот и со задолжителна буџетска согласност, со што се обезбедува законитост, еднаквост, транспарентно трошење на јавните средства и спречување на неосновани и дискрециони отстапувања од платниот систем.

Дополнително, во член 8 од Законот е предвидено дека за државните службеници се применуваат одредбите од Законот, подзаконските акти и колективните договори за прашања за кои Законот упатува на нив, што уште еднаш потврдува дека колективните договори се признат извор во оваа материја, но не се неограничен инструмент за „паралелно“ моделирање на платите.

Оспорената норма сама по себе не забранува, ниту исклучува колективни договори, туку ја утврдува уставно потребната и нормална позиција правото на плата мора да биде утврдено со закон, а колективните договори делуваат во рамки и под условите што ги поставува законот. Односно се дозволуваат колективните договори во однос на надоместоци и додатоци на плата, но основата на платата (член 72 од Законот – компоненти на плата) за сите административни службеници е пропишана во Законот за административните службеници.

Државниот завод за ревизија во својот Конечен извештај (бр. 04-2023-00-16), експлицитно констатира дека поради (претходната) законска можност одредени институции да регулираат прашања во врска со платите со свои посебни закони и колективни договори, доведуваат до енормни разлики во висината на платите за исти работни места во различни институции и до фрагментирање на системот. Овој фрагментиран пристап резултира со тоа што, како што утврдува Државниот завод за ревизија, за исти или идентични работни места во различни институции се исплаќаат значително различни плати, токму поради тоа што во дел од институциите платите се уредени според Законот за административни службеници, а во други со посебни закони и колективни договори.

Целта на новиот Закон за административни службеници е да се воспостави единствен и кохерентен систем на плати и додатоци за оваа хоризонтална категорија службеници (административни службеници во државни органи, единици на локалната самоуправа, фондови, агенции и др.).

Токму затоа, оспорениот член 71 став (1) ја зајакнува уставната еднаквост (член 9), бидејќи обезбедува истите критериуми за плата за исти работни места, независно во која институција се врши работата, го реализира принципот „еднаква плата за еднаква работа“, кој е експлицитно препознаен и во Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 и Акцискиот план 2023–2026, каде воспоставувањето на единствен систем на плати е посебна цел (2.4).
Доколку би се задржало старото решение (плата „освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено“), би продолжиле истите нееднаквости кои Државниот завод за ревизија ги констатира како проблематични и спротивни на идејата за унифициран систем на плати.

Од аспект на член 9 од Уставот, законодавецот има право и обврска да интервенира таму каде што постојат системски нееднаквости и да донесе унифицирани правила за категорија на вработени што извршува исти или споредливи јавни функции, платени од јавни средства.

Согласно споредбата со Министерството за внатрешни работи, полицајци и другите специјални категории во Министерството за внатрешни работи (со ризик, безбедносни специфики, посебен режим на работа) објективно се во поинаква правна и фактичка положба од „класичниот“ административен службеник кој врши нормативни, управни, финансиски и други административни работи. Така што, разликата во моменталното формално уредување не е произволна, туку има објективно и разумно оправдување од аспект на природата на работата.

Членот 71 став (1) од Законот е целосно во линија со препораките на Државниот завод за ревизија и со националните стратегиски документи при што треба судот да го земе предвид како релевантен контекст при оценката на уставноста.

Реформската агенда 2024-2027 и Планот за раст на Западен Балкан, усвоени во соработка со Европската Унија, ја условуваат финансиската поддршка со напредок во воспоставување транспарентен, мерит-систем и правичен систем на плати во јавниот сектор.

Европската комисија во Извештајот за Република Северна Македонија за 2024 година го нагласува токму тоа дека унифицирањето на платниот систем е клучен за обезбедување на мерит-систем, намалување на ризиците од корупција и клиентелизам, обезбедување правичност и еднакво постапување кон административните службеници.

Во однос на правото на колективно договарање (Повелбата на Европската Унија за основни права, член 28 и праксата на Европскиот суд за човекови права) и самата Повелба, како што наведуваат и подносителите, предвидува дека работниците и работодавачите имаат право да преговараат и да склучуваат колективни договори во согласност со правото на Унијата и националните закони и практики.

Тоа значи дека државата има право да утврди со закон рамки и ограничувања, особено кога се работи за плати од јавни средства. Колективното договарање не е апсолутно право, туку подлежи на ограничувања што служат за легитимни цели – во конкретниот случај, еднаквост, социјална правда, транспарентно трошење на буџетски средства и правна сигурност.

Со оглед дека Законот не го укинува правото на колективно договарање, туку само ја ограничува можноста платите на административните службеници во различни институции и сектори да се пресметуваат врз основа на различни основи и критериуми не може да стане збор за неуставност и неусогласеност со меѓународните прописи и стандарди.

Тргнувајќи од горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата како неоснована и да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 71 став (1) од Законот за административни службеници.

**Точка 25**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2024 година на Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал-Биро за јавна безбедност, како материјал за информирање.

**Точка 26**

Владата го разгледа Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај-Управа за водење матичните книги, како материјал за информирање.

**Точка 27**

1. Владата формираше Комисија за одлучување по барањата за зголемување на формираната цена на лек, во следниот состав:

Претставници од Министерството за здравство:
- Бахар Љама – член
- Антон Петков – член,

Претставници од Министерството за финансии:
- Ирена Петковски – член,

Претставници од Агенцијата за лекови и медицински средства:
- Зембри Таири – член
- Бисера Петровска – член,

Претставници од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија:
- Блерина Туши – член
- Софче Ристовска – член,

Стручни лица од различни области на медицината, фармацијата, економијата и правото:
- Димче Лазаревски – член
- Гордана Георгиева – член
- Марија Дарковска – член
- Ангелчо Трајановски – член.

2. Претставници од редот на вработените во Министерството за здравство, согласно член 108 став 13 од Законот, за секретари на комисијата, се определуваат:
- Фатон Даути и Јосиф Мишевски.

3. Владата од должноста член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи го разреши Асим Селмани.

3.1 Владата за член на Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи го именува Љупчо Наумовски, претставник од Дирекцијата за заштита и спасување.

4. Владата од должноста вршител на должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации го разреши Стојан Славески.

4.1 Владата за вршител на должноста директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации го именува Фљорим Јаја и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија го именува Евзаљ Елмази, досегашен вршител на должноста директор на установата.

6. Владата за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид ја именува Фросе Ѓоргиевска, досегашен вршител на должноста директор на установата.

7. Владата од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од редот на корисниците на технолошките индустриски развојни зони, го разреши Огнен Цубалевски од ОДВ – Електрик ДООЕЛ.

7.1 Владата за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од редот на корисниците на технолошките индустриски развојни зони, ја именува Ивана Цацаноски од ОДВ – Електрик ДООЕЛ.

8. Владата од должноста член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија во Република Северна Македонија, го разреши Коста Костадиновски од „Капитал Ассет Менаџмент“.

9. Владата за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кочани, ја именува Весна Даневска.

10. Владата од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми п.о. Скопје, ја разреши

- Слаѓана Бошковска.

10.1 Владата за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми п.о. Скопје, ја именува

- Симона Алексовска.

11. Владата формираше Комисија за селекција за избор на еден член на Управниот одбор во Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми п.о. Скопје, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов – претседател
- Анета Стојановска – заменик претседател,

Од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

- Марија Апостолова Николовска – член
- Дејан Герасимовски – заменик член,

Од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Надица Апостоловска – член
- Даниела Ѓоргиевска Костадиновска – заменик член,

Од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Шиќири Коруми – член
- Љупчо Камчев – заменик член,

Од редот на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми п.о. Скопје

- Јаготка Ивановска – член
- Сашка Стојменова – заменик член.

12. Владата го одби како неосновано Барањето бр.18-10781/1 од 28 ноември 2025 година, поднесено од Хаќим Рамадани, разрешен од должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, за остварување право на плата по престанок на функцијата.

13. Владата од должноста вршител на должноста директор на Центарот за образование на возрасни, ја разреши Наиме Исљами – Зеќири.

13.1 Владата за директор на Центарот за образование на возрасни, ја именува Наиме Исљами – Зеќири.

14. Владата од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, го разреши Сашко Мицевски.

14.1 Владата за директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија го именува Сашко Мицевски и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик директор на Царинска управа.

16. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик директор на Агенцијата за стоковни резерви.

17. Владата на предлог на генералниот секретар, на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на еден член на Управниот одбор во Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми Национални шуми п.о. Скопје.

**Точка 28**

Владата го задолжи Министерството за јавна администрација да направи анализа во однос на постапката за утврдување на распоредот на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, во насока дали истото да биде предмет на одлучување на Владата или во надлежност на институциите и да достави информација до Владата до 31 јануари 2026 година.

Владата се информираше со Табелите со податоци за секој проект поединечно од Потпрограмата АА финансирани од јавниот повик за 2024 година и 2025 година, со теренски пресек до 30 ноември 2025 година и притоа го задолжи Министерството за локална самоуправа за некоја од наредните седници на Владата, да достави информација за прогресот на реализација на проектите од Потпрограмата АА, финансирани од јавниот повик, со финансиски прецизни податоци и образложение.

Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за повлекување од собраниска постапка на Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, го прифати Барањето и заклучи да го повлече од собраниска постапка текстот на Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со Писмо бр.50-10627/4 од 11 декември 2025 година.

Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со Писмо бр.50-7363/4 од 31 јули 2025 година.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (водоводна инфраструктура за техничка вода – цевковод, со вкупна должина од 8266.49 м).

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт, д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 31**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за класификација на површинските води (*).

**Точка 32**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на нов субјект на управување во Предлогот на закон за прогласување на Охридското Езеро за споменик на природата, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 33**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2025 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 34**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за потребата од реконструкција на постојаните објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави барање за покажување на интерес за финансирање на објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството, до меѓународните финансиски институции/комерцијални банки во износ од 95 % од вкупно проценетата вредност, односно во износ од 195,4 милиони евра, во рок од пет работни дена.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по добивањето на одговорите од меѓународните финансиски институции/комерцијалните банки, веднаш да ја информира Владата.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на Проектот за поврзување на локални патишта (Договор за заем бр. 9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр. 9210-МК финансиран од Светска банка) и потребата од пренамена на алоцираните средства кои општините нема да ги искористат согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од Договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 33/20 од 10 февруари 2020 година) и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии):

1. Се задолжува Министерството за транспорт веднаш да достави барање до Министерството за финансии со предлог пренамена на неискористените средства од Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта, утврдени со Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за алоцирање на средства од договорот за заем за Проект за поврзување на локални патишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 33/20), во вкупен износ од 5,5 милиони евра за набавка на опрема за одржување на локалната патна мрежа во буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт во јануари 2026 година да достави барање до Министерството за финансии за прераспределба на средства на сметка расходи од кредити во рамки на одобреniot буџет, со цел отпочнување на јавна набавка за опрема/возила за одржување на локалната патна мрежа.

3. Се задолжува Министерството за финансии доставеното барање за прераспределба од Министерството за транспорт да го одобри во најкус можен рок од доставувањето на барањето.

4. Се задолжува Министерството за транспорт, по извршената прераспределба во буџетот на Министерството за транспорт за 2026 година, да започне постапка за јавна набавка на опремата/возилата за одржување на локалната патна мрежа.

5. Се задолжува Министерството за финансии со предлог измените и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година да обезбеди зголемување на буџетските алокации на сметката расходи финансирани од кредити во износ од најмалку 14,5 милиони евра согласно Договорот за заем бр. 9034-МК и Договорот за заем за дополнително финансирање бр. 9210-МК, финансирани од Светска банка, поради преземени обврски од склучени договори и со оглед на тоа што проектот завршува во септември 2026 година, а обврските треба целосно да се реализираат.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2025 година.

**Точка 38**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за доделување на државна помош на Ронтис ДООЕЛ Велес, со текст на Договор, со заклучок текстот на истата да се дополни согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и трета одлука).

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (дваесет и прва одлука).

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, заклучно со септември 2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да обезбеди и префрли средства на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о.- Скопје за покривање на направените трошоци за превентивни, подготвителни мерки и трошоци за директна суспресија на пожарите во периодот 2024-2025 година, во висина од 95.700.000,00 денари, кои ќе се трошат, согласно член 60 од Законот за шуми.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. - Скопје, во континуитет, да ги спроведува сите превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од пожари.

**Точка 42**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието.

2. Се определува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на образованието.

**Точка 43**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за формирање на Надзорен одбор кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за период ноември 2025 година - ноември 2028 година и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државниот завод за статистика, Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи, Министерството за економија и труд, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини - Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за јавна администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење матични книги, Агенцијата за лекови и медицински средства, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за култура и туризам, Секретаријат за законодавство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање, Министерството за европски прашања, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за спорт, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, во рок од 7 (седум) дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да доставaт номинации за член во Надзорниот одбор, кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за период ноември 2025 година - ноември 2028 година.

2. Се укажува на ЈЗУ Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Државната изборна комисија, Агенцијата за администрација, Агенцијата за катастар на недвижности, Комисијата за заштита од конкуренција, Геолошкиот завод на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија, во рок од 7 (седум) дена, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, да доставaт номинации за член во Надзорниот одбор, кој ќе раководи со спроведувањето на Планот за реконструкција на згради кои ги користат лицата од јавниот сектор на државно ниво за период ноември 2025 година – ноември 2028 година.

## <u>Точка 44</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Дваесет и третиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 18 декември 2025 година, во Виена, Австрија и ја усвои со следните заклучоци, усогласени со Секретаријатот за законодавство:

1. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини да учествува во работата на Дваесет и третиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница.

2. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини да ги поддржи следните точки од Дневниот ред на Министерскиот совет на Енергетската заедница, кои се за усвојување и тоа:

1) Агенда од состанокот на Министерскиот совет;

2) Точки од додаток I „А“ (освен точките кои се за информирање).

3. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини да учествува во дискусијата на Дваесет и третиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница и да информира за статусот на имплементација на законодавството на Енергетската заедница во Република Северна Македонија и тоа за:

1) Подготвеност за зима:
- подготвеност на Украина за зима и
- складирање на горива и сигурност во снабдувањето;

2) Следни чекори по неформалниот Министерски совет во 2025 година:
- координација на механизмите за определување цена на јаглерод и
- спојување на пазарите на електрична енергија со Европската Унија;

3) Ново законодавство:
- Одлука на Министерскиот совет за продолжување на важноста на Регулативата за складирање на гас,
- Одлука на Министерскиот совет за продолжување на оперативните часови на големите постројки за согорување кои се изземени од обврските во Украина и
- Одлуки на Министерскиот совет за инкорпорирање на Рамковната директива за води, Директивата за диви птици и Директивата за живеалишта;

4) Декарбонизација:
- национални планови за енергија и клима – напредок и идни чекори,
- обновливи извори на енергија – напредок и идни чекори и
- квалитет на воздухот и еколошки стандарди за термоцентрали – состојба;

5) Заклучоци од Министерскиот совет;
6) Примопредавање на претседателството.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2025 година и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за пристап до Фондот за одговор на загуби и штети (Fund for Responding to Loss and Damage – FRLD) и назначување на национална контакт - точка (National Focal Point) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го назначи Даме Димитровски, за национална контакт-точка (National Focal Point) за Фондот за одговор на загуби и штети (FRLD).

2. Се задолжуваат органите на државната управа да обезбедат целосна поддршка на националната контакт-точка при подготовка на националните приоритети и барања за финансирање кон Фондот.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (за штети во периодот 17 јуни 2025 година - 7 август 2025 година).

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (за штети во период од 7.8.2025 година до 11.11.2025 година).

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (за штети во период од 22 април 2025 година до 16 јуни 2025 година).

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за социјална политика, демографија и млади).

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за транспорт).

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за окрупнување на здравствени капацитети за поголема ефикасност и подобра услуга – спојување на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство, врз основа на член 58 став (2) и 68 став (2) од Законот за здравствената заштита, до наредна седница на Владата, да подготви и до Владата да достави Предлог - одлука за спојување на ЈЗУ

Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје со ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје.

**Точка 53**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Фондацијата Аушвиц – Биркенау, со усогласен текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Фондацијата Аушвиц - Биркенау.

2. Се овластува Јасмин Ќахил, амбасадор на Република Северна Македонија во Република Полска, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Фондацијата Аушвиц - Биркенау.

3. Се задолжува Министерството за култура и туризам средствата во износ од 4.650.000,00 денари да ги предвиди и исплати во две рати, најдоцна до март 2026 година од предвидените средства за оваа намена во 2025 година и втор дел во Предлог-буџетот за 2026 година во Раздел 18010 – финансирање на дејностите од областа на културата во Програма 90 – Меѓународна соработка на Расходна ставка 464 – Разни трансфери.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:25 часот.